ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 09-1910/6

05-04-2021 2021 год.

Скопје

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на ДКСК, Државната комисија за спречување на корупцијата на 47-та седница одржана на 31.03.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

СЕ КОНСТАТИРА повреда на член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторен прекршок казнив по член 105 став 1 алинеа 11 и став 2 од истиот закон при склучување на договор за доделување средства преку Инструментот за поддршка-Кофинансирани грантови за новоосновани друштва стар-ап и спин-оф, заведен под бр.__________ од ________2019 година, склучен повеѓу Фондот за иновации и технолошки развој-Скопје и ______________________________________________.

ДА СЕ ПОВЕДЕ ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците со издавање на пркршочен платен налог против правното лице ________________________ и лицето ______________________ од Скопје за сторен прекршок казнив по член 105 став 1 алинеа 11 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДА СЕ ПОБАРА согласно член 46 од Законот за иновациската дејност инспекциски надзор над постапката за доделување на средства преку Инструментот за подршка-Кофинансирани грантови за новоосновани друштва стар-ап и спин-оф на правното лице____________________.

### Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена анонимна пријава во која се изразува сомневање за постоење на незаконитост при доделување средства-грант на трговското друштво _______________________ ДОО Скопје, бидејќи во време на доделување на грантот во износ од 30.000,оо евра во денарска противвредност, основачот/сопственикот на посоченото правно _____________________има својство на избрано/именувано лице, т.е е член на Комисијата за електронски комуникации при Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).

Заради проверка на изнесените наводи во пријавата и утврдување на целосна фактичка состојба во предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) побара информации и податоци од Агенцијата за електронски комуникации и од Фондот за иновации и технолошки развој, изврши увид во тековната состојба и историјатот на промени за посоченото трговско друштво во Трговскиот регистар и регистар на други правни лица кој се води во Централниот регистар на Р.С. Македонија.

По разгледување на добиените информации и податоци, како и на целокупната релевантна документација, секоја посебно и во склоп на една целина, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Друштвото ______________________ ДОО Скопје е основано на 03.12.2018 година. Еден од основачите/сопствениците на трговското друштво е лицето __________________ од Скопје. Лицето ________________________ бил член на Комисијата за електронски комуникации при АЕК во два мандата и тоа: од 15.06.2009 до 15.12.2014 година и во периодот од 16.02.2015 до 16.08.2020 година. Во текот на траењето на вториот мандат на посоченото лице кое има својство на избрано/именувано лице, трговското друштво, чиј основач/сопственик е истото лице, на ден 06.06.2019 година склучува договор со Фондот за иновации и технолошки развој, а за доделување средства преку Инструментот за поддршка-Кофинансирани грантови за новоосновани друштва стар-ап и спин-оф, со кој му се одобрени финансиски средства во форма на кофинансиран грант во износ од 30.000,оо евра во денарска противвредност.

Од утврдена фактичка состојба недвосмислено произлегува дека во конкретниот случај е доделен грант на посоченото трговско друштво спротивно на член 52 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси ( „Службен весник на Р. Македонија " бр.12/2019).

Имено, според член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

Постапувањето спротивно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е казниво по член 105 став 1 алинеа 11 и став 2 од истиот закон.

Согласно член 46 од Законот за иновациската дејност, надзорот над спроведување на одредбите од истиот закон врши министерството.

Со оглед на сето наведено Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ОДЛУЧЕНО ОД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
под бр.09-1910 од 2020

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил С.Ѓ.
Одобрил Н.Б. член на ДКСК